РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-734/12
27.12 2024 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 11 и член 45 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) , Градоначалникот на Општина Пробиштип донесе:

**ОДЛУКА**
**За избор на кандидат за вработување на административен службеник во Општина Пробиштип**

1. За извршител за работно место **Виш соработник за локални патишта и улици во Одделението за комунални работи, патишта и улици во Општина Пробиштип со шифра на работно место УПР0101В02000 се избира кандидатот Ристе Атанасов** со идентификациски код 20C57C6.
2. Избраниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 22.11.2024 година во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр. 258/2024 за вработување на еден извршител на работно место Виш соработник за локални патишта и улици во Одделението за комунални работи, патишта и улици во Општина Пробиштип.

Со Решение бр.10-1515/6 од 28.11.2024 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација. Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција за административен службеник на ден 10.12.2024 година и достави Записник бр. 10-1515/7 .

На ден 23.12.2024 година Комисијата спроведе испит за административен службеник за што достави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1515/8 .

На ден 24.12.2024 година Комисијата изврши проверка на веродостојноста на докази и спроведе интервју за административен службеник, за што достави Записник бр. 10-1515/9.

По спроведената постапка извршено е бодирање и Комисијата изготви Конечна ранг листа и Предлог за избор на кандидат за вработување на работно место Виш соработник за локални патишта и улици во Одделението за комунални

работи, патишта и улици во Општина Пробиштип бр. 10-1515/10 од 24.12.2024 година.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидат, Градоначалникот на Општина Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Агенцијата за администрација

Изготвил: Јованка Данева

Општина Пробиштип
Секретар
Билјана Ефтимова

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП